


FENI INDUSTRIES

# Кав'даречки ВЕСНИК

КОЖУВЧАНКА

Sinalco schmeckt

ГОДИНА VIII * БРОЈ 169 * 21 АПРИЛ 2017 * www.kavadarci.gov.mk * БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК


## ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО - ЛЕТО ГОСПОДОВО 2017





Најрадосната вест за православните христијански души, веста за Воскресението на нашиот Спасител, Господ Исус Христос беше објавена точно на полноќ во сабота спроти недела (15-16 април 2017г) низ сите храмови ширум светот.

Централната прослава на празникот над празниците во Кавадарци беше одржана во Соборниот храм „Св. Вмч-ка. Параскева-Петка", каде свештенството после оппходот околку храмот, пред неговите порти ја објави најторжествената и најрадосната вест на Православието: Христос Воскресна - Навистина Воскресна.

На празникот беше отслужена Велигденска Воскресна литургија, каде многубројни верни чекаа до раните утрински часови да се соединат со Господ Исус Христос, примајќи ги Неговите Свети дарови. Во неделата утрото, се отслужи Вечерна Богослужба со читање на Евангелието на десет разни јазици.

На вториот ден од Воскресението Христово (Светол Понеделник), Митрополитот Повардарски г. Агатангел отслужи Света Златоустова литургија во црквата „Св. Петка" во Кавадарци. На литургијата сослужуваа повеќе свештенослужители од Кавадарци, а молитвено присуствуваа голем број на верници, кои се причестија со светите Христови дарови.

**К. В.**

## ПРОМОВИРАНА КНИГАТА 120 ГОДИНИ ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ



Ова капитално издание на авторот Добре Ставров беше промовирано во салата на Домот на културата. Новата книга на Ставров беше повод салата на Домот на културата да биде полна. Поранешни и сегашни професори поранешни ученици, пријатели, луѓе од образованието, културата, негови блиски дојдоа да за чујат за книгата „120 години гимназиско образование во Кавадарци" за која говореа новинарот Мирјана Мукаетова и историчарот Петре Камчевски.

Мукаетова рече дека професорот Старов е еден од малкумината кои целиот свој живот говори на чист македонски јазик, а ова негово дело говори за неговата желба и амбиција. Се работи за дело кое е обемно, со многу податоци, со фотографии, табели, прецизни детали и опфат на 120 години-време во кое во Гимназијата се школувале и потоа завршиле повисоко образование или останале на гиманиското точно 10.213 ученици.

Петре Камчевски во улога на промотор рече дека се работи за книга со тематски приказ на општествено политичката состојба на периодите кога постоела Гимназијата во Кавадарци и во неа се школувале средношколци-ученици. Опишани се економските и политичките времиња во кои таа работела како образовна институција во Тускиот период, за време на Балканските војни, Кралството Југославија, Бугарската окупација, времето после ослободувањето до 2013 година. Во книгата се поместени 273 фотографии,30-табели. Ставров дошол до податокот дека овде матурирале 10.213 ученици од кои 4.985 завршиле високо, а 934 више образование или над 55 насто од учениците завршиле повисоко образование од гимазиското.

Меѓу другото на промоцијата Ставров ги опиша приликите во образовниот процес во Кавадарци од времето на Турското ропство до денес и актуелните прилики кои придонеле за состојбата во сверата на образованието. А што се однесува за самата монографија во неа има многу факти собирани макотрпно неколку години. Меѓу другото од вкупно завршените матуранту во гимназијата 58 поранешни ученици станале доктори на науки, а 178 се здобиле со титулата магисти на разни науки. Од големата бројка на ученици и гимназисти матуранти низ економските и политичките води се етаблирале и над 30-тина од нив станале познати како сопственици или раководители на економски субјекти или политички функционери. Од вкупната бројка на завршени матуранти околу 1.000 се посветиле на економските науки - завршиле Економски факултет, а 727 завршиле Правен факултет.

Книгата треба да се прочита и да ја има секое семејство во Кавадарци зашто на било кој начин, во многу наши семејства барем еден член а некаде и две три генерации учеле Гимназија и ги има во книгата. Издавањето на книгата го помогнаа неколку спонзори на кој Ставров им заблагодари.

**Марјан Димитров**




# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ПАНОВ ДОДЕЛИ СЕРТИФИКАТ ЗА УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН СОЦИЈАЛЕН ПРОЕКТ



Градоначалникот Александар Панов ги додели сертификатите за одлично завршен работен ангажман на 6 наши сограѓани опфатени со проектот „Општо корисна работа 2016“. Беа ангажирани невработени лица од ранливи семејства, евидентирани во АВРМ најмалку 1 година.

Во период од шест месеци тие работеа на Пружење на елементарна помош и грижа за стари, изнемоштени, лица со оштетен вид, како и инвалидизирани лица кои се сами, немаат никој покрај себе и им е неопходна подршка и помош, која опфаќаше: набавка и достава на лекарства и други намирници за кои ќе се јави потреба; набавка и достава на храна и други неопходни продукти за егзистенцијални потреби; плаќање на месечните сметки за струја, телефон, вода и слично, како и заедничко дружење со лицата корисници на проектот. За оваа работа добиваа надоместок од 6.200 денари месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување при случај на несреќа при работа, како негователи, помошник за давање на услуги во домашни услови. Вкупно беа опфатени 24 крајни корисници.

Панов истакна: „Резултатите се навистина позитивни, бидејќи во постојаниот контакт кој го имавме со корисниците, секогаш кај нив имаше насмевка, задоволство и голема благодарност. Имаме примери и на продолжен ангажман на овие лица од страна на фамилиите од претходните акции“.

Програмата Општинско-корисна работа, која е финансирана од УНДП, има за цел да го унапреди системот за обезбедување на социјални услуги на локално ниво преку надополнување на постојните или воведување на нови услуги. Градоначалникот Панов најави дека проектот ќе продолжи и во 2017 година, од Буџетот на општината Кавадарци.

**Димитар Мурџев**

# ПРОЕКТОТ „ЛАПСИ“ ВЛЕГУВА ВО ЗАВРШНА ФАЗА

Организацијата на жени „Визија“ Кавадарци ја одржа последната работилница на тема: Создавање на Локалната активна платформа за социјална инклузија ЛАПСИ. Проектот за формирање на ваква платформа е на Европската Унија, а како имплементатори се Македонското женско лоби и Институтот за економски стратегии и меѓународни односи „Охрид“ од Скопје. Во оваа платформа влегуваат маргинализираните групи на граѓани како: лица со посебни потреби; жени, жртви на семејно и родово базирано насилство; жени од село; Роми; лица уживатели на дрога и други ранливи категории.

Според зборовите на локалната координаторка на овој проект г-ѓа Јоана Коцева, на оваа работилница ќе се пристапува кон изработка на акцискиот план и врз основа на таа ќе се дефинира платформата за Социјална инклузија на ниво на Општина. Во овој проект е вклучена и фондацијата „Елена Лука“ која на крајот ќе додели помош во висина од 100.000 денари на жена од Кавадарци како помош за самовработување.

Потписниците на оваа платформа ќе бидат: Градоначалникот на Општината и другите чинители, преставници од Советот на Општината, представници на сите институции, здруженија на земјоделци итн.

**Димитар Мурџев**







# ЕКОЛОШКА АКЦИЈА НА ЕКО ЖИВОТ

Ретки се доброволците како повеќемината младинци, кои во организација на Еколошкото друштво „Еко Живот“ од Кавадарци собираа пластичен отпад на Тиквешкото езеро. Би сакале младите почесто да ги гледаме како ја чистат околината во која живеат. Последната од почетокот на месец април која ја организира Еколошкото друштво „Еко Живот“ е вистински пример како треба да делуваме без поголема помпезност, а совесно и одговорно.

Регионална еколошка акција беше наменета за деконтаминација од отпад на Тиквешко Езеро од пластика и други тешко разградливи материјали. На ова акција според објавените податоци на социјалната мрежа Фејсбук биле собрани 100-на вреќи оттпад -шишиња.

Отпадот потекнува главно од корисниците на многубројните викендички на Тиквешкото езеро но и сливното подрачје на Црна река и е предизвикан од несовесните сограѓани.

РТК

# ПОТСЕТУВАЊЕ НА ХЕРОЈСКАТА СМРТ НА КИРО И ДИМЧЕ



Пред споменикот на двајцата народни херои Димче Мирчев и Киро Крстев кои загинаа во борбата со бугарскиот окупатор 1944 година при обид за пробивање на нивниот обрач, граѓаните и борците ја одбележаа годишнината од нивното загинување. Претставници на Урбаната заедница „Киро Крстев“, Советот на Општината, Сојузот на Борци и други граѓани положија цвеќиња пред споменикот. Ученици од хорот на Основното училиште „Тошо Велков Пепето“ ја исполнија македонската химна, а за наставникот пред 73 години ученици од истото училиште преку рецитал не потсетија за херојството на Димче и Киро.

Потоа историски час одржа Марија Михова, кустос-историчар во Музеј галеријата при што говореше за животните патишта на Димче Мирчев од Велес и Киро Крстев од Кавадарци сестојбата која му претходеше на убиството и херојското дело на двајцата млади борци. „Како искусни борци и партиски раководители добија задача во Кавадарци да подготват нови младинци и симпатизери на Народно ослободителното движење за излегување во партизанските единици. Пред 73 години во куќата на Иге Златев биле одржани неколку состаноци, средби и договори, бидејќи се подготвувало заминување на поголема група младинци во партизани. Во екот на тие подготовки, пред се поради големата желба и ентузијазам, попушта будноста кај младите борци. Бугарскиот фашистички окупатор успева да ја открие куќата каде престојувале Киро и Димче и во нерамна борба при обид за нивно бегство од обрачот ги убива“, рече меѓу другото Михова.

**Марјан Димитров**

# ЗЕМЈОДЕЛСКИ САЕМ „ВИНОТЕК 2017“

На 27 и 28 април, Кавадарци по трети пат ќе биде домаќин на земјоделскиот саем „Винотек 2017“. За разлика од претходните години кога саемот се случуваше на градскиот плоштад, годинава саемските поставки ќе бидат поставени во спортската сала „Јасмин“ во Кавадарци.




Вообичаено, пред кавадаречките земјоделци ќе бидат презентирани најновите достигнувања во земјоделската механизација, опремата за наводнување, заштитните средства, садници и прихрана, како и останата земјоделска опрема.

Почетокот на саемот е во 10 часот, а истиот и годинава е во организација на здружението „Винотек“ од Кавадарци.

**Кавадар4е**

# ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР 2017

На Велики четврток 13 април 2017 година на Градскиот плоштад во Кавадарци се одржа традиционалната манифестација „Велигденски хепенинг“. Манифестацијата беше во организација на Домот на културата „Иван Мазов - Климе“ Кавадарци, а во соработка со основните училишта од општина Кавадарци.

Неколку стотици деца од сите основни училишта продаваа бојадисани јајца и рачни ракотворби, а нивните блиски ги купуваа и јајцата и украсите за таа намена. Детската креативност е бесконечна и највредна. Затоа по симболична цена беа продадени сите предвидени експонати на основните училишта од Кавадарци.

Покрај традиционалниот продажен Велигденски базар со велигденски творби на кавадаречките основци, целата манифестација беше проследена со пригодна музичка програма.

**РТК**



# НИСКИТЕ ТЕМПЕРАТУРИ НАВЕЧЕР И НАУТРО ОПАСНИ ЗА ОВОШКИТЕ

Во Општина Кавадарци негативни температури од -2 степени навечер и наутро се најавуваат во петок спрема сабота. Најавените ниски температури, посебно утринските, кои во наредните денови се очекува да се спуштат и до минус четири степени, можат да бидат опасни за овошките но и виновата лоза. Ова е особено остварливо ако дојде до разведрување.

Затоа агромоните препорачуваат навремени мерки за заштита кои се познати кај земјоделците: третирање со препарати против мрзнење кои може да се користат и во денови кога има само неколку часа сончеви периоди, зачадување со палење растителни одпадоци или оросување со вештачки дожд додека температурите се негативни, околу два часа пред изгревање на сонцето и два часа потоа, додека не се постигнат позитивни температури.

Во Општина Кавадарци негативни температури од -2 степени навечер и наутро се најавува во петок спрема сабота. За есенските посеви нема опасност од измрзнување.

**Марјан Димитров**

# ТОМЕ АРСОВСКИ, ДЕСЕТ ГОДИНИ ОД СМРТТА



Томе Арсовски е познат македонски поет, раскажувач, романописец, драмски автор и преведувач. Роден во Косовска Митровица на 23. септември 1928 година, каде што неговиот татко бил на служба. По избувнувањето на Втората светска војна со семејството се враќаат во Кавадарци, родниот град на неговите родители. Во Кавадарци завршил гимназија, а Филолошки факултет, група славистика во Скопје. Најнапред работи во редакцијата на весникот „Нова Македонија“, а потоа во Македонската радиотелевизија каде останува да работи повеќе од 30 години како драматург и како уредник на детската програма. Томе Арсовски е член на Друштвото на писатели на Македонија од 1959 година, а во еден мандат бил и негов претседател.

Најпознати негови дела се: стихозбирката „Грст смеа“ 1958 г., „Александра“ 1958 г., драма, „Празник на птиците“, 1959 г., етида, „Непребол“ 1961г., поема, „Парадоксот на Диоген“ 1961г., драма, „Грст среќа“ 1962 г., телевизиска драма, „Матурска вечер“ 1964. г., драма, „Стотиот чекор“ 1964 г., драма, „Обрачи“ 1965 г., драма, „Грдиот нарцис“ 1964 г., телевизиска драма, „Бумеранг“ 1969 г., комедија, „Чекор до есента“ 1969 г., драма, „Коктел за четворица“ 1970 г., телевизиска драма, „Парадоксални раскази“ 1972 г., раскази, „Залез над езерската земја“, 1973 г. телевизиска драма, „Убавината чекори сама“ 1974 г., комедија, „Скок преку кожа“ 1976 г., „Благиот допир на љубовта“ 1984 г., драма, „Зена, ќерка на ѕвездите“ 1988 г., роман за деца, „Арис или прва љубов“ 1989 г., роман за деца, „Климент Охридски“ 1989 г., историски роман, „Диско штурец“ 1993 г., поезија за деца, „Супер девојче“ 1994 г., роман за млади, „Нешто убаво ми се случува“, 1996 г., роман, „Пурпурно поле“ 1996 г., поема, „Дедо мраз и феферони“ 1997 г., комедија за деца, „Жената со птичја глава“ 2000 г., раскази и др. За својата работа Томе Арсовски има добиено бројни награди и признанија меѓу кои најзначајни се „11 Октомври“, „13 Ноември“ ( за животно дело), „Златно перо“, „Кочо Рацин“ на Културно просветната заедница на Македонија, „Климент Охридски“ и др. Томе Арсовски почина во Скопје на 21 април 2007 година.

**Мики Камчевски**



# ПРИВРШУВА САНАЦИЈАТА НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН И СЕВЕРНАТА ТРИБИНА

Општината Кавадарци после презвемањето на Градскиот стадион, систематски работи на санирање на инфраструктурата. Деновиве во завршна фаза се работите околу поставувањето на дрвени седишта на северната тибина. Претходно оперативата на фирмата „Градба промет" од Кавадарци изврши санација на урушениот ѕид на спојот меѓу источната и северната трибина, а потоа беа санирани големите оштетувања на бетонот на просторот за седење. По таа санација се пристапи кон поставување на дрвените седишта. Со овој зафат во многу се подобриа условите за следење на натпреварите на ГФК „Тиквеш". Овој зафат се финансира од програмата за комунална изградба, а парите се од општинскиот буџет.



Во посета на објектот беше градоначалникот Александар Панов. Тој изрази задоволство од квалитетот на работата, а посетата ја искористи во присуство на медиумите да потсети дека Општината под негово водство континуирано вложува во подобрување на инфраструктурата во спортот. Панов нагласи дека во периодот 2013-2017 според Програмата за сопорт и млади, од општинскиот Буџет, се обезбедени вкупно 15.200.000 денари. Од овие средства на спортските клубови и здруженија се исплатени 11.180.000 денари. Останатите се вложени во проекти, турнири и манифестации.

**Димитар Мурџев**

# ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЗДРАВСТВОТО

Под мотото „Депресија-ајде да разговараме" годинава се одбележа 7-ми април, Светскиот ден на здравјето, ден посветен на подигање на свеста за здравјето на луѓето ширум светот кој се одбележува под покровителство на Светската здравствена организација (СЗО). Во кавадаречката Општа болница се одржа свеченост на која беше прочитан реферат за депресијата, симптомите и начините на лекување.

Директорот на болницата, д-р Орцо Ангеловски нагласи дека депресијата доколку не се лекува може да доведе до самоубиство или до сериозни проблеми во функционирањето на болниот. Порача, болните од депресија да бараат помош од најблиските.

На свеченоста во Општа болницата беа доделени и јубилејни награди за пензионирање на четворица вработени. Благодарница за донирањето на гастроскоп беше доделена на компанијата „Дрекслмајер".



Светскиот ден на здравјето беше одбележан и во Здравствен дом Кавадарци. Директорот Никола Трендафилов информираше за новите инвестиции во оваа установа и набавеното ново амбулантно возило. Со него, рече, дополнително ќе се зголеми капацитетот на итната медицинска помош, за навремено да делува и интервенира при повиците на бројот 194 и при вршењето на други услуги, транспорти до општата болница и слично.

**Ангел Данов**

# ПРОТИВПОЖАРНА ВЕЖБА ВО „ДРЕКСЛМАЈЕР"



Во фабриката „Дрекслмајер" се оддржа вежбовна активност за заштита и спасување од пожар, во која учество земаа територијалната противпожарна единица Кавадарци, припадници на Полициската станица Кавадарци, возило со медицинска екипа на Брзата помош Кавадарци, но и противпожарните тимови на неколку компании.

„Денешната вежбовна активност за заштита и спасување од пожар во фабриката „Дрекслмајер", Кавадарци заврши успешно. Со ефективната и брза реакција беше потврдено дека безбедносниот систем на компанијата функционира според утврдениот план и во согласност со законските прописи, но и дека нашите интернационални безбедносни стандарди и процеси непречено се спроведуваат во фабриката" се вели во соопштението од „Дрекслмајер".

Во продолжение од истото, од „Дрекслмајер" информираат дека денешната вежба ја потврдила и добрата соработка и координација со надлежните органи при справување со ситуации од ваков карактер, но и со кавадаречките компании. „На денешната вежба учествуваа и Територијалната противпожарна единица од Кавадарци, припадници на Полициската станица Кавадарци, возило со медицинска екипа на Брза помош Кавадарци како и екипата на ЈП Македонски Шуми, ПО Кавадарци. Како поддршка во вежбата со искусни професионални тимови учество земаа и противпожарните служби на компаниите „Фени Индустри" и „Кожувчанка ДОО".

**К. В.**

# ОЛИМПИЈАДА НА МЛАДИ ТЕХНИЧАРИ И ПРИРОДНИЦИ

Во организација на Народна техника на општина Кавадарци и Клубот на млади техничари и природници, во ООУ „Страшо Пинџур" се одржа регионалната смотра на млади техничари и природници.




Оваа смотра е традиционална манифестација на клубовите и финале на активностите во училиштата и домот на народна техника, за афирмирање на техничката култура меѓу учениците од основните училишта. Учениците се натпреваруваа во 23 дисциплини. Изработуваа задачи, а го бранеа и домашниот труд.

Најдобрите ќе го претставуваат регионот Кавадарци-Росоман, на Републичката олимпијада на млади техничари и природници.

**Ангел Данов**




# ОПШТИНАТА ПОМАГА И ВО ДУХОВНИОТ ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ

Општината под раководство на градоначалникот Александар Панов во склад со своите можности и овластувања активно помага и во одвивањето на духовниот живот во градот и општината.

Согласно изборната програма 2009-2013 година беше предложен проект за изградба на нова соборна црква, како придонес на локалната самоуправа во збогатување на црковниот живот.



*Соборна црква Св. Петка*

Општината во соработка со МПЦ, бизнис заедницата и граѓаните донираа сретства со кои се изгради Соборната црква Света преподобна Параскева – „Св. Петка“.

Овој нов храм е дело на архитект Трајче Грков, го ѕидаа македонски нејмари каменорезци од тајфата на мајсторот Ристо Грозданоски од Мала Преспа, додека фрескоживописот кој сеуште е во фаза на живописување е дело на авторот Павел Апостоловски. Локацијата ја обезбеди Општината, а парите во најголем дел се донација од „ФЕНИ Индустри“, „Кожувчанка“, „Градба Промет“ и останатиот бизнис сектор од Кавадарци, како и од граѓаните.

Денеска црквата која плени со својата убавина е средиште на духовниот живот на православните христијани.

Општина Кавадарци има донирано и сретства за реконструкција и зачувување на останатите цркви и манастири во општината.

Во соработка со надлежните институции општина Кавадарци помогна во реконструкции на Полошкиот, Моклишкиот и Бошавскиот манатсир.

Општината донираше и во зафати на покриви, поплочување, пристапи и други зафати на црквите во селата: Марена, Сопот, Возарци, Бегниште, Мрежичко, Клиново, Драгожел. Општината помогна и во изградбата на новата црква во селото Брушани, а донираше и помала помош во други верски



*Полошки манастир*

објекти во руралниот дел.

Во неколку наврати Општина Кавадарци има донирано и за обновување на џамијата во Кавадарци, како и во обезбедување на инфраструктура и пристапни патеки од бекатон до муслиманските гробишта на „Тепето“.

**Димитар Мурџев**



*Моклишки манастир*

# УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ДОНИРАШЕ КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА ЗА ГИМНАЗИЈАТА



Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип опреми со компјутерска опрема една од осумте доградени училници во гимназијата „Добри Даскалов“ од Кавадарци. Професор доктор Кирил Барбареев во изјава за медиумите информираше дека настојуваат на што е можно поинтензивна соработка со средните училишта во државата.

„Универзитетот споделува дел од својата информатичка технологија, со цел подобрување на воспитно образовниот процес. Соработката подразбира и многу позачестени средби од страна на професорите од факултетите при универзитетот со средношколците од оваа гимназија. Целта е и создавање на проектни активности, со кои учениците уште во текот на своето средно образование ќе се определуваат за својата идна професија“ - нагласи тој.

Донирана е современа интерактивна и мултифункционална табла. Неа ќе можат да ја користат и ученици и наставници. Директорката на гимназијата Невенка Поп Ангелова рече дека ова е резултат на континуирано добрата соработка со овој универзитет, која е започната во 2010 година. Изразувајќи благодарност, таа рече дека сево ова значи подобрување и осовременување на наставата во училиштето.

**Даниел Уневски**




# ОДБЕЛЕЖАНИ 54 ГОДИНИ ДЕТСКА ГРАДИНКА



Детската градинка „Рада Поцева“ Кавадарци на 7 април го одбележа патрониот празник. Свечената манифестација со која се прославија 54 години успешна работа на градинката се одржа во централниот објект „Гроздоберче“.

Се славеше во знакот на младите, а тие преку игра и песна им раскажаа на присутните за деновите поминати во градинка, но и за животот и заложбите на својот патрон. За жената борец која останала запишана во историјата и за чие име како што рекоа дечињата ќе се зборува со векови.

На свеченоста беа доделени наградите на децата ликовни автори од секој клон на градинката, за најуспешните цртежи од ликовен конкурс на тема „Мојата градинка“

Од името на Локалната Самоуправа празникот го честиташе членот на Советот на општината Анита Гинова-Каракутова. Пренесувајќи ги поздравите од градоначалникот и Советот таа истакна дека општината како и во изминатиот период ќе работи на подигнување на стандардите на работа во детската установа, а како врвен приоритет е изградбата на нов објект кој треба во целост да го апсорбира сегашниот голем интерес за згрижување на деца во градинката.

„Детската градина „Рада Поцева“ е установа која постојано го следи трендот на модерното предучилишно образование. Новитетите но и проширувањето на капацитетот, бројот на згрижените дечиња и листата на оние кои чекаат за упис само потврдуваат за успесите“, истакна меѓу другото пред присутните директорката Цанка Добринова.

**Милица Младенова**

# КАВАДАРЧАНКАТА МАРТИНА ТАНЕВА НА МАТЕМАТИЧКА ОЛИМПИЈАДА ВО ШВАЈЦАРИЈА




На специјализираната Светска математичка Олимпијада само за девојчиња се натпреваруваше и нај талентираната млада математичарка од Кавадарци Мартина Танева. Станува збор за олимпијада во која право на учество имаат најдобрите четири млади дами математичари од секоја држава, ученички во средно училиште.

Мартина Танева е претставничка на Македонија која заедно со уште три ученички средношколки ги бранеа црвено жолтите бои на една од нај реномираните Олимпијади која се одржува во Цирих, Швајцарија. Учествуваат 49 земји, а на патот до Швајцарија на Мартина и претходеа освоените високи бодови на Азиско Пацифичката Математичка Олимпијада која е второ рангирана веднаш после интернационалната математичка олимпијада. Нашите претставнички шест дена престојуваа во Цирих каде во неколку денови решѓаваа математички задачи и проблеми.

До лани Мартина како ученик во ООУ „Димката Ангелов-Габерот“ беше најуспешна во математика кај основците, веќе годинава како средношколец таа гордо ги брани боите на Македонија и тоа на највисоко рангираните светски олимпијади.

**Милица Младенова**

# ХУМАНИТАРЕН КОНЦЕРТ НА УЧЕНИЦИ ОД ООУ „ТОДЕ ХАЦИ-ТЕФОВ“



Група ученици од основното училиште „Тоде Хаци Тефов“ преку програмата Црвен крст во Акција „Промоција на Хуманите Вредности“ циклус 2017 година, организираа мошне убав и успешен концерт од хуманитарен карактер во салата на Домот на културата „Иван Мазов Климе“.

Целта беше да се помогне на еден ученик вклучен со инклузија во настава и неговото семејство, за подобрување на условите во домот. Во тоа и се успеа, а организаторите Анастасија Јовановска, дисеминатор на програмата Црвен крст во Акција, Промоција на хумани вредности и Викторија Поцева, ученик, вклучен во програмата ЦКА-ПХВ потврдија дека и овој проект е успешен и ги оствaрил поставените цели.

Овие млади и нивните врсници од основните училишта „Тоде Хаци-Тефов“ и „Страшо Пинџур“ се вистински пример за другите, како треба да се однсуваме за сите да бидиме еднакви.

**Марјан Димитров**

# РАБОТИЛНИЦА СО СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ЗА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ



Фондација „Елена Лука“ во Кавадарци одржа работилница на тема „Родот и родовата рамноправност“. Средношколците од гимназијата „Добри Даскалов“ беа запознаени со концептот на родовата рамноправност од страна на фондацијата, која организира серија едукативни работилници. Мажите и жените конечно да бидат на исто рамниште. За тоа да се случи, неопходно е подигање на свеста за капацитетите и можностите и на едните и на другите, уште во најрана возраст.

„Целта на овие едукации е да се поттикнат и охрабрат младите во својата средина за родовата рамноправност и да го спречат насилството“, истакна Благородна Шопова од фондацијата „Елена Лука“. Јоана Коцева од организацијата „Визија“ Кавадарци рече: „Освен надминување на родовата нерамноправност, од големо значење е младите да знаат да го препознаат семејното насилство и да се охрабрат истото да го пријават до надлежните институции“.

На работилницата активно учество зедоа учениците од гимназијата „Добри Даскалов“ и се стекнаа со нови знаења. Работилницата, е дел од повеќегодишна програма која се спроведува во повеќе општини во Македонија.

**Марјан Димитров**

# ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Велигденската бајка и годинава најрано пристигна во детската градинка „Рада Поцева“ во Кавадарци. Повеќе од вредни беа неуморните детски раце од сите работни објекти на градинката кои заедно со своите воспитувачи, негователки и родители создадоа украси во знакот на Велигден.

Симболично јајцата, кошничките, кокошките, зајчињата нај присутни меѓу рачно изработените експонати изложени на продажниот пазар организиран во дворот на секој работен објект. Дечињата весели и радосни, а родителите сериозни во улогата на потрошувачи. Големата хуманитарна акција ја продолжува традицијата. На неа се радува целата градинка од каде велат годинава парите остануваат во сопсвениот буџет за потребите на дечињата. Изработуваме кошнички за велигден. Цртаме јајца и се радуваме на празникот кој доаѓа. Ни помагаат и нашите родители, а парите ќе ги потрошиме на дечињата на кои најмногу им требаат на нашите другарчиња, велат дечиња од големите групи.

За Христовото Воскресение „Христос воскресе навистина воскресе“, како и за сите христијански празници, во детската градинка „Рада Поцева“ во Кавадарци се учело и ќе се учи. Традицијата ја носи со себе културата, воспитанието и образованието кај најмалите. Од најмали години тие учат за својот народ и се што го опкружува истиот. Радоста ја имаше во изобилство, а хуманитарната акција со успешноста и овојпат покажа дека верни соработници на градинката се токму родителите. Огромна бла-



годарност до нив упатува и директорката Цанка Добринова која потврдува: „Токму родителите и нивната подрша се една од клучните алки во работата и успешноста на градинката“.

**Милица Младенова**




# НОЌ НА УМЕТНОСТА ВО ЧЕСТ НА 60 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА РИСТО-СОКОЛ

Во неделата на 16 април 2017, се навршија шеесет години од раѓањето на еден од најголемите македонски и кавадаречки ликовни уметници Ристо Соколов-Сокол. Роден на ден Велигден 1957 година, во село Дреново, кавадаречко, Ристо со својата уметничка работа и живот ги достигнува македонските уметнички величини, како еден од најдобрите и најголемите од таканаречената втора генерација на најдобрите македонски ликовни уметници. Денес неговите долгогодишни најблиски соработници и пријатели, на ден Велигден 2017, на 16 април, по вторпат ја организираат Меморијалната манифестација „Пријателите за Ристо“. Овојпат по



повод шеесет години од неговото раѓање. Манифестацијата се одржа во рок и блуз кафето „Дорс“ во Кавадарци на самиот ден на раѓањето на Ристо, еден од локалите каде што големиот уметник остави авторски белег, како што впрочем целиот живот ги одбележуваше градските места со својата уметност, оставајќи зад себе безброј дела, но и ученици, соработници, пријатели кои во неделата се потсетија на неговиот плоден уметнички живот. Официјалниот дел од Меморијалната манифестација „Пријателите за Ристо“ се одвиваше од 19 до 21 часот.

Во перформансот беа содржи ликовен дел, фотографска изложба посветена на Ристо, настап на познати кавадаречки актери, поети и музичари, негови соработници и сопатници. Ристо Соколов Сокол прерано замина од животната и уметничката сцена на Свети Трифун 2015 година.

Меморијалната манифестација „Пријателите за Ристо“ беше во организација на неформалната уметничка група „Сокол Арт“ која работи во рамките на Здружението за алтернативна култура „Алтер Центар“, со подршка на соработниците и пријателите на Ристо Соколов Сокол и Локалната самоуправа Кавадарци.

Здружението за алтернативна култура „Алтер Центар“ Кавадарци, кое постои од 2012 година и овојпат се јавува како организатор на голем културен настан, откривајќи нови и алтернативни простори за одржување на културни и уметнички настани во Кавадарци.

**Марјан Тодоровски**
**Здружение за алтернативна култура „Алтер Центар“ Кавадарци**

# ИЗЛОЖБА „МАНАСТИРИТЕ ВО КАВАДАРЕЧКО“

Во организација на градската Музеј галерија од Кавадарци и кавадаречката локална самоуправа, во музејската галерија беше отворена изложбата посветена на манастирите во кавадаречко. На 27 плакати во стаклени рамки, презентирани се околу 100 фотографии од манастирите во кавадаречко.

Како што рече директорот на музејот, историчарот Петре Камчевски, акцент е даден на Полошкиот, но опфатени се и Моклишкиот и Бошавскиот манастир. „Ја имав честа и привилегијата да бидам дел од конзерваторската екипа која од 1980 до 1985 година работеше на конзервација на Полошкиот манастир. Притоа беше извршена конзервација на надворешната архитектура, конзервација на фрес-



коживописот и конзервација на сите предмети од манастирот“ информираше тој.

Паралелно со тоа се работело и на научно истражувачкиот проект. Камчевски соопшти дека еден од најдобрите познавачи на средновековната историја на уметност професорот Цветан Грозданов, тогаш рекол дека Полошкиот манастир со оглед на тоа што го поседува, претставува бисер на македонската средновековна уметност.

Весна Ѓорѓиева, виш кустос, историчар на уметност при кавадаречкиот музеј, нагласи дека црквите и манастирите во Тиквешијата како и останатите средновековни манастири во Македонија како упоришта на православниот монашки живот, со својата богата историја, духовна и материјална култура, отсекогаш предизвикувале интерес со својата амбиенталност, архитектура, иконопис, резба, ѕидно сликарство, мобилијар и останатото движно културно наследство кое го поседуваат. „Тие се свидетели на вековната традиција на источно христијанската култура и богатото религиозното творештво на нашиот народ“ додаде таа.

**Даниел Уневски**

# ПРОМОЦИЈА НА КНИГА ОД ДУШКО СТЕФАНОВ

По долги години, Кавадарци конечно доби свое место на саемот на книгата кој годинава од 4 до 10 април се оддржува во Скопје, а со самото тоа и можност за промоција на голем број дела во издаваштво на градската библиотека „Феткин“. На како што го оценија читателите, најинтересниот саем за книга, на штандот на градската библиотека „Феткин“ може да се најдат делата на кавадаречките писатели и поети кои имаат ретка можност да ги презентираат своите дела пред целокупната македонска јавност.

Годинава честа помеѓу првите да ги претстави своите дела ја имаше Душко Стефанов, писател, поет и градски боем. На промоцијата пред македонската публика во халата 2 на Скопски-



от саем, оддржана во четвртокот, 6 април, точно на пладне, беа промовирани двете книги на Стефанов „Песочен часовник“ и „И буден сонувам“.

Посветувајќи му го целиот говор на своето родно Кавадарци, Стефанов меѓу другото рече: „Да, доаѓам од Кавадарци, кој според анатомијата на Македонија се наоѓа во центарот, и е срцето на нашата татковина. Замислете, токму таму се најраспеаните грла, песната е говорот на мојот сосед, лозарите и винарите, чорбаџиите и аргатите, казанџиите и бочварите се браќа и сестри. Таму уметникот шепоти по платното, а поетот гласно ги изговара своите стихови“.

По емотивното обраќање кое го започна и заврши со неколку мисли кои редовно се објавуваат на специјализираниот портал за вино и вино култура, www. vinotika.mk, Стефанов се дружеше со присутните на промоцијата на кои им подари примероци со посвета од своите дела. Делата на Стефанов заедно со делата на останатите кавадаречки автори можеа да се купат на штандот на градската библиотека „Феткин“ во халата 2 на скопскиот саем.

**кавадар4е**

# ИСКЛУЧИТЕЛНА КУЛТУРНА ВЕЧЕР СО ПАВЛЕ КУЗМАНОВСКИ

Вистински погодок беше вечерта посветена на сликарот Павле Кузмановски, еден од најеминентните македонски современи сликари, од Тетово, кој ја промовира својата монографија а истовремено на заинтереираните им понуди да видат дел од неговите слики од циклусот инспириран од песната „Везилка“ на Блаже Коневски. За неговата монографија зборуваше Милован Цветановски од издавачката куќа „Матица Македонска“ кој истата ја нарече најзначаен и најуспешен проект. Олгица Марковска пак во Галеријата на Домот на Културата која синоќа беше полна. прочита три песни посветени на Кузмановски.

Директорот на Домот на Културата Владимир Темков овој настан го стави во редот на еминентните од редовната програма и се заблагодари на Кузмановски што покрај големите европски центри и Скопје ова монографија и изложбата ја поместува во Каадарци.

Промоторот на монографијата амбасадорот Ѓорѓи Филипов во своето подолго говорење за Павле Кузмановски кој го познава 23 години рече дека тој е единствениот македонски уметник кој има свое дело во збирката уметнички дела на Министерството за култура на Австрија. Сакајќи да истакне колку е ценета неговата слика на девојка во Женева во Светската Агенција за интелектуална сопственост, д-р Арпад Богш, прокоментирал: „Видовте, од двете страни на ѕидот стои по една убавица, една од вашиот Кузмановски, другата од Реноар. Оваа од Реноар најверојатно е поскапа, но оваа од Кузмановски сакам да ја гледам почесто“, нагласи меѓу другото синоќа амбасадорот Ѓорѓи Филипов.

Промоцијата во Кавадарци беше проследена со изложба на дела од Кузмановски во која беа како портрети, мртва природа, девојките и други мотиви.



# ОСУМ МЕДАЛИ ЗА БОРЦИТЕ ОД КЛУБОТ ЗА БОРЕЧКИ ВЕШТИНИ „БУДО“



Борците од центарот за боречки вештини „Будо“ од Кавадарци ја продолжуваат својата доминација на државните првенства, освојувајќи 8 медали, од кои седум нај сјајни. На државното првенство во кик бокс за јуниори и сениори кое се оддржа во Скопје во хала 5 на Скопски саем, избраниците на Александар Ристовски и Тодор Анастасиев имаа уште еден блескав настап кој го комплетираа со пет медали. Јуниорите имаа стопроцентен учинок, кој го најави Филип Ризов со новиот златен медал во категоријата кик лајт, а најсјајните медали завршија и на градите на Александар Велков и Ристе Атанасов. Кај сениорите Илија Камчев стигна до првата позиција, додека Никола Бошев ја загуби финалната битка и стигна до сребрениот медал.

„Жетвата“ на медали ја продолжија и ММА борците кои уште на првото државно првенство во ММА демонстрираа надмоќност и непогрешливост, што му донесе златни медали на сениорите Мартин Данев, Мартин Димитровски и Никола Бошев. „Задоволен сум од целиот тим. Кик боксерите очекувано беа доминантни пред се поради поголемиот број на борби и искуство кое го имаат. Покрај нивните успеси, исто толку важен е и резултатот на ММА борците. „Драго ми е што оваа боречка вештина полека влегува во нашата држава, има доста квалитетни борци, но што е најважно, ние не заостануваме зад нив, а потврда за тоа се и трите злата“, рече меѓу другото Александар Ристовски, тренер на клубот за боречки вештини „Будо“, најавувајќи уште една успешна и доминантна сезона и во кик бокс и во ММА.

**Даниел Уневски**

# КОШАРКАРИТЕ НА „ФЕНИ ИНДУСТРИ“ ПРЕД СЕРИЈА СРЕДБИ ЗА ЕВЕНТУАЛЕН ПЛАСМАН ВО ПЛЕЈ-ОФ

Под императивот победа, кошаркарите на „Фени Индустри“ го дочекуваат тимот на „Кожув“, во натпревар кој едноставно мораат да го добијат и тоа со најмалку 8 поени разлика доколку сакаат да останат во трката за пласман помеѓу четирите најдобри.

Иако навидум не делува како невозможна мисија, затоа што „Фени“ многу пати покажал дека знае како се победува „Кожув“, да надополнува резултатско заостанување, но и како се добиваат клучни натпревари, сепак, повредите на Андреј Магдевски и Матеја Чешковиќ дополнително го скратуваат и онака минималниот избор на Малинков. Дополнителен проблем создаваат и ситните повреди на Цекиќ и Пантиќ, кои ветуваат дека до сабота ќе бидат фит и ќе го дадат својот максимум. „Во Гевгелија изгубивме со седум поени разлика, па доколку сакаме да ги задржиме шансите за понатамошен прогрес ќе ни треба победа од најмалку 8 поени разлика. Имаме големи проблеми со повредени играчи, го загубиме и Чешковиќ, но во „Јасмин“ секогаш сме ние фаворити и очекувам дека со поддршка на публиката ќе успееме да стигнеме до победата“ рече меѓу другото предводникот на „Фени“, Љупчо Малинков.

Со слично мислење се и капитенот Кирил Николовски и Бранислав Цекиќ, кои веруваат дека ако „Јасмин“ биде полн како во полуфиналето и финалето од завршницата на националниот куп, „Фени“ ќе биде тимот кој што ќе слави на крајот од натпреварот. Натпреварот „Фени Индустри“ - „Кожув“ се игра утре во сабота, 22 април, со почеток од 18 часот, а истиот е само вовед во напорната недела во која кавадаречките кошаркари ги очекуваат дуелите со „Куманово“ на гости и со „Работнички“ на домашен терен.

**Даниел Уневски**



# ГФК „ТИКВЕШ“ ПОРАЗЕН ВО СКОПЈЕ

Педесет и седум минути им требаа на фудбалерите на третопласираниот тим на „Скопје“ да го скршат отпорот на градскиот фудбалски клуб „Тиквеш“ и да стигнат до победа во еден од двата последни натпревари од 21 коло од втората македонска фудбалска лига.



По 0:0 на полувреме, победата за домашниот тим ја најави Мартин Христов со гол во 57та минута, а ја потврди Ѓоко Алексовски 20 минути подоцна, поставувајќи го конечниот резултат, „Скопје“ - „Тиквеш“ 2:0.

Серијата на натпревари со најголемите претенденти за влез во првата македонска лига фудбалерите на градскиот фудбалски клуб „Тиквеш“ ја завршуваат утре сабота, со дуелот против лидерот на табелата, тимот на „Академија Пандев“. Натпреварот се игра на градскиот стадион во Кавадарци, со почеток од 16 часот.

**Даниел Уневски**



**ИЗЈАВА**

- Перо а истепал Мара толку ногу шо она завршила у болницата, а тој морал да даде изјава.
-Перо а тепаше ли Мара у афект?
-Не бе друже у подрумот!

***Кав'даречки Весник***

**АФОПЕРИЗМИ**

Ги одбра, ги заокружи - народе:
можеш да се сликаш...

***Петар Наневски***


КАВ'ДАРЕЧКИ ВЕСНИК

**Општинско јавно гласило**
Издавач: **Локална самоуправа Кавадарци**
Уредник: **Димитар Мурцев**
Лектор-коректор: **„Европа 92“**
Печати: **Печатница „Европа 92“ Кочани**

Бесплатен примерок